Наративен извештај за јуни 2020 година

- Кабинет на директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието. Во текот на месец јуни 2020 година, активностите на директорот Китанов беа прилагодени согласно со препораките на Владата и Министерството за здравство за потребата од преземање дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на пандемијата со коронавирусот COVID 19 која се појави во Република Северна Македонија, како и во државите во светот.

Агендата на директорот Зоран Китанов започна со теренскиот увид на рехабилитацијата на државниот пат А2 делница Куманово – Страцин (2 фаза). Делницата е долга 16,64 км., и се гради со средства од буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта во износ од 7,2 милиони евра. На оваа делница се работи на гребење на постоечкиот асфалт на почетокот на трасата на десната сообраќајна лента и досега се изграбани повеќе од 600м. Со иста динамика ќе се продолжи и во наредните денови. Истовремено, се започна со реконструкцијата на мостот бр.5 каде што се гребе постоечкиот асфалт, се вадат ивичњаци и тротоари, се демонтира еластична одбојна ограда и се спрема мостот за целосна реконструкција. Вкупниот прогрес на градежните работи изнесуваат 5%, а рокот на завршување на овој проект е февруари 2021 година.

Директорот Зоран Китанов и министерот за транспорт и врски извршија увид на изградбата на заштитна ограда на обиколнница Битола на државен пат А3 (Е-65) која што изградба е со вредност од 0,50 милиони евра, во должина од 1км. и е финансиран од буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта. На изградбата на заштитна ограда на обиколнница Битола е завршено со земјени работи и бетонирање на звукозаштитна ограда во должина од 230м. Монтирана е звукозаштитна ограда во должина од 100м. а се очекува во периодот што следи да се постават уште 130м. односно ќе се постави со вкупна должина од 230м. на овој потег. На друг потег во должина од 250м. паралелно се работи на земјени работи и

бетонирање на темели на звукозаштитната ограда. Звукозаштитните бариери се еколошки, имаат висок коефициент на апсорција на звукот, направени од бетонска маса со гумено јадро. Рокот за реализација е септември 2020 година.

Теренски увид од страна на директорот Зоран Китанов и министерот за транспорт и врски Горан Сугарески, беше направен и на регионалниот пат Р1308 кој пат го поврзува градот Ресен и околината со Граничниот премин Маркова Нога. Во текот на 2018 година се случи големо свлечиште близу село Штрбово, место викано Долги Рид, чие чело е горе во косината над патот, а неговата ножица завршува на патот, при што асфалтната конструкција на патот е пробиена и оштетена. Свлечиштето се карактеризира како активно свлечиште кое манифестира и одредени свлекувања во текот на целиод период од неговото свлекување до денес, а станува збор за свлечиште кое се класифицира како големо свлечиште, чија што должина изнесува од околу 250 м. и ширина 90м.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, заедно со министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески и директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов направија увид на повеќе делници од патната инфраструктура во Југоисточниот дел на нашата земја при што дадоа и изјава за медимите. Во изјавата тие потенцираа дека се увериле дека градежните работи на сите делници, за изградба, реконструкција и за рехабилитација на регионалната патна мрежа, се во полн ек и работите се извршуваат според предвидениот план. Од увидот во изградбата на регионалниот пат Старо Коњарево – Ново Коњарево, во должина од 3,4 километри констатираа дека таму градежните работи се веќе завршени, а стариот мост на оваа делница е комплетно саниран и проширен, со пешачки патеки од двете страни. Некои од патните правци, како што се рехабилитацијата на делницата село Банско до Колешино, во должина 5,6 километри, ќе биде наскоро завршена.

Уште еден теренски увид беше направен од страна на директорот Зоран Китанов и министерот за транспорт и врски Горан Сугарески и тоа на изградбата на мост бр.4 на река Пчиња на регионален пат Р2136 (општина Петровец).

Изградбата на новиот мост е од витално значење за населените места во овој дел бидејќи мостот по кој граѓаните комуницираат со останатиот дел од регионот е стар 50 тина години. Тој мост му

припаѓа на едно минато свршено време и неговата безбедност веќе никој не може да ја гарантира. За да може автобусите на ЈСП и останатите учесници во сообраќајот да поминуваат безбедно преку него, Јавното претпријатие за државни патишта го санираше стариот мост. Притоа, согледувајќи ја состојбата им излезе во пресрет на барањата на граѓаните и во октомври 2018 година отпочна со изградба на новиот мост на реката Пчиња во Општина Петровец.

Мостот е долг 133,20м. со вкупна ширина од 7,9м. и вредност од 67,14 милиони денари, кои беа издвоени од буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта.

Што се однесува до градежните работи на мостот, тие се во завршна фаза, останува да се постави ограда од едната страна (на едната страна е поставена оградата) и да се постави асфалт кога ќе се асфалтираат пристапните улици. Се работи на бетонските канали на пристапните улици, како и на дислокација на среднонапонски бандери со што ќе се овозможи завршување на пристапните улици. Кога тоа ќе биде завршено се пристапува кон рушење на стариот мост и регулирање на речното корито во опфатот на мостот.

Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта Зоран Китанов, претседателот на Владата на Република Северна Македонија Оливер Спасовски, министерот за транспорт и врски Горан Сугарески, и градоначалникот на општина Крушево Томе Христоски извршија увид во рехабилитацијата на регионалниот пат Алдинци-Житоше. Рехабилитацијата на патот Алдинци-Норово-Житоше е во должина од 10 км. и во вредност од 0,32 милиони евра. На оваа делница во тек е асфалтирање на постоечкиот коловоз. Во текот на следната година се планира изработка на Проект за проширување на патот и подобрување на сообраќајната сигнализација.

Со оглед на тоа дека Јавното претпријатие за државни патишта како и секогаш се грижи за безбедноста на граѓаните, согласно со договорот со реномирана фирма од областа на комунални услуги, кои се задолжени за косење на трева и плевел, кастрење на грмушки и гранки и сечење на дрвја во патен појас, чистење и собирање на смет на клучки и автопатишта на коридор 8 и 10, пристапија кон косење и расчистување на вкупно 372.000 м2 со помош на RoboGREEN која е далечински управувана повеќенаменска современа машина, која може да замени 15 работници и да заштеди и време и пари. Поради отсуство на физички напор, дневната

продуктивност е многу поголема во однос на рачно управуваните машини, и многу безбедно работи на стрмни падини, тешко пристапни места и на комплицирани терени. RoboGREEN за време на зимските месеци лесно може да ја отстрани и снежната покривка до 30 см.